совет за етика во
медиумите на македонија

18.07.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на телевизија ТВ 21, за објавената фотографија во содржината со наслов "ГЕРМАНЕЦОТ ПРИСТИГНА: Хајндл го пречека само амбасадорката Алтхаузер (ФОТО)", објавена на 12.05.2016 година, во 13 часот и 15 минути, на Интернет порталот Телеграф (www.telegraf.mk)**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 16.

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 12.05.2016 година, телевизија ТВ 21 поднесе жалба за објавената фотографија во содржината со наслов “ГЕРМАНЕЦОТ ПРИСТИГНА: Хајндл го пречека само амбасадорката Алтхаузер (ФОТО)”, објавена на 12.05.2016 година, во 13 часот и 15 минути, на Интернет порталот Телеграф.

Во жалбата се наведува дека известувањето е неточно и нефер, дека е извршена дискриминација и е извршена навреда на медиумот поради затемнувањето на логото на телевизијата и неодговорност кон колегите од телевизијата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Телеграф и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Главниот и одговорен уредник на Интернет порталот Телеграф, Тоше Огњанов, испрати одговор на наводите на жалителот. Во одговорот се вели дека првичната неколегијалност и нефер однос го иницирал самиот репортер на ТВ 21, кој се нашол на исто место каде што бил и фотографот од Телеграф, а кој го фотографирал пристигнувањето на германскиот дипломат во земјата. Во одговорот се дава образложение за настанатата ситуација - кога дипломатот пристигнал, веднаш му пристапил новинарот од ТВ 21, како и нивниот снимател кои во тој миг му го покриле кадарот на фотографот од Телеграф, кој сепак, колегијално почекал да заврши давањето изјава, за да направи чисти портретни фотографии. Се вели дека откако дипломатот јасно кажал дека нема да дава изјави, очекувано било новинарот да се тргне и да му отстапи простор на фотографот од Телеграф за да направи портретна фотографија со чист кадар од странскиот дипломат. Новинарот од ТВ 21 упорно влегувал во кадар, со што самиот тој иницирал неколегијално однесување, односно ја попречил работата на фоторепортерот од Телеграф. Поради тоа однесување на новинарот од ТВ21, од Телеграф немале соодветна

чиста фотографија. Огњанов вели дека доколку станувало збор за прес-конференција, тогаш е сосема вообичаено да бидат објавени фотографии со микрофоните и логоата на другите медиуми. Но, во конкретната ситуација, кога имало само еден медиум со микрофон и откако колегијално, со гестикулации, бил замолен да отстапи простор за фотографија, и откако одбил да покаже фер и колегијално однесување, тогаш и Телеграф решил да го направи единственото можно решение, а со цел да добие чиста портретна фотографија. Од Телеграф сметаат дека во конкретниот случај токму новинарот на ТВ21 е тој што се однесувал неколегијално, нефер и неодговорно кон другите колеги од медиумите, односно кон единствениот фоторепортер кој беше присутен на настанот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 23.06.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот телевизија ТВ 21, направи увид во наведената содржина и го прочита одговорот од главниот и одговорен уредник на Интернет порталот Телеграф, Тоше Огњанов.

Како што можеше да констатира Комисјата од приложените материјални докази, но и од наводите на двата медиуми, медиумските работници се нашле на исто место во исто време за да проследат ист настан - пристигнување на висок дипломат. И двете екипи на медиумски работници работеле под еднакви услови и настојувале во согласност новинарската професија да однесат материјали од настанот во сопствените медиумски куќи. Меѓутоа, медиумските работници иако знаеле дека времето за настанот е ограничено (бидејќи дипломатските протоколи не одвојуваат секогаш доволно време за комплетно известување) тие можеле претходно да се договорат за своите намери за проследување на настанот и да го зачуваат угледот на својата професија, а не пред останатите колеги и пред дипломатите да си гестикулираат за да обезбедат подобра позиција за снимки.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Комисијата, понатаму, ги разгледа и техничките аспекти на двата медиуми и констатираше дека секој медиум има право да се бори за брза и квалитетна информација, но предочува дека времето не секогаш дозволува да се обезбеди брзина и квалитет, па оттука и медиумот Телеграф доколку сакал да обезбеди квалитет, интервју или посебни информации требало претходно да се обрати до дипломатските служби за да му го овозможат тоа, а не да се обидува во услови на конкуренција да си обезбеди подобра позиција за информација.

Ова дотолку повеќе што медиумот Телеграф поради еден инцидент, понатаму медиумот го злоупотребил да се пресметува со своите колеги, бришејќи го логото на ТВ 21 од фотографиите, иако заеднички проследувале единствен настан под исти услови на конкурентност .

Понатаму Комисијата АПЕЛИРА до засегнатите медиумски работници во понатамошниот работен ангажман да бидат солидарни меѓусебе , да си помагаат и да имаат на ум дека со вакви медимски настапи и позиции, пред се самите се девалвираат пред своите реципиенти, но и на самиот медиумски пазар.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорната содржина со наслов “ГЕРМАНЕЦОТ ПРИСТИГНА: Хајндл го пречека само амбасадорката Алтхаузер (ФОТО)”, објавена на 12.05.2016 година, во 13 часот и 15 минути, на Интернет порталот Телеграф, не станува збор за дискриминација и навреда на медиумот.

Комисијата констатираше дека во содржината, е прекршен член 16 од Кодексот на новинарите на Република Македонија, според кој во својата работа новинарите треба да настојуваат да одржат баланс помеѓу чесна конкурентност и професионална солидарност. Ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување на само што го намалува нивнот интегритет и

достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Телеграф (www.telegraf.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски